# СОВЕТИ ЗА ПОДОБАР ХРИСТИЈАНСКИ ЖИВОТ



ИСКУСТВА - СОВЕТИ - АКТУЕЛНОСТИ



ГРАДИВО ЗА САБОТНА ШКОЛА
ВТОРО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2022

*Сабота, 1 јули 2023*

## ПОДЗАПРЕТЕ

Дали ви сè чини дека животот во овој 21. век е брз? Технологијата како да нè турка таму каде што не сме подготвени да одиме. Компјутерите стануваат сè побрзи, но односите сè поплитки. И меѓусебните и нашите заемни односи со Бога. Површноста зема замав. Ете затоа христијаните треба малку да подзапрат! Без мирно размислување за Божјото присуство, за неговата милост и за неговата Реч, никогаш нема да навлеземе во „длабочината“ на прашањата кои навистина се важни за нашиот живот.

Некој рекол: „Ние сакаме голема премија, но со мал влог во молитвата. Сакаме да посееме семе од ротквици, а да ни никне шума од секвои.“ Пет минути читање на Божјата Реч (ако е и толку), неколку расфрлени минути во молитва (ако воопшто се сетиме да се молиме), деведесет минути седмично в црква, и ние сакаме да имаме големо искуство со Бога?

Продлабочувањето на нашата врска со Семоќниот Бог во новиот милениум бара исполнување на Божјиот повик: „Помнете и знајте дека јас сум Бог.“ „Дојдете кај мене“. Зошто современиот човек почесто вели „не“? Зошто често занемарува да доаѓа на изворот на животот? Зошто многумина чувствуваат незадоволство, празнина, неисполнетост и во животот или можеби спротивното - презадоволни од себеси, преисполнети, мислејќи дека се богати?

Еве како апостол Павле го опишува човекот на 21. век: „Зашто луѓето ќе станат себељубиви, среброљубиви, самофалци, горделивци, непокорни кон родителите, неблагодарни, неправедни, безбожници,.... невоздржливи, нескротливи... пребрзи... повеќе сластољубиви отколку богољубиви, на изглед побожни, а од силата на Бога се одрекле“. „Од нечисти и од бапски приказни бегај, а обучувај се во побожност; зашто телесното обучување е малку корисно, а побожноста е полезна за сè, бидејќи во себе има ветување за сегашниот и за идниот живот. Тие зборови се верни и достојни да бидат целосно прифатени!“ (2. Тимотеј 3,2-5; 4,7-9)

Да, пораката до современиот човек на 21. век гласи: Исклучете ги своите компјутери и мобилни телефони доволно долго за да го освежите својот дух. Дајте му слободен ден на мобилниот телефон, на спортот, на занимливостите со кои нè бомбардираат интернетот, телевизорот, и ред други забавни „бапски приказни“ кои мислите дека ќе ве направат среќни и ќе ве исполнат, ќе ве збогатат, но ви го одземаат времето кое можете да го одвоите за да ја закрепнете својата душа, да ја угасите жедта, да ја исполните празнотијата и да се справите со стресовите. Славете го Бога, празнувајте ја саботата, дозволете ѝ на својата душа повторно да се поврзе со Создателот без вплеткување на „светот“. Времето поминато во заедница со Бога ќе нè исцели од духовната плиткост и површност, а нашата душе ќе ужива во посакуваните благодети.

*Сабоша, 8 јули 2023*

## БИДЕТЕ ПОДГОТВЕНИ ДА РАБОТИТЕ ЗА ГОСПОДА

Павле напишал: „Да не ви здосади да правите добро; зашто кога ќе дојде време ќе жнееме ако не се умориме. Затоа додека имаме време да правиме добро на секого, а посебно на оние кои се со нас во верата“ (Галатјаните 6,9.10). Со други зборови, работете за Исуса. Кога го прашале Мартин Лутер што би направил кога би знаел дека утре ќе биде крајот на светот, тој одговорил: „Денес би посадил дрво.“ Верниците, кои живеат во 21 век, треба да зборуваат за својот став за иднината. Впрегнете се да правите добро. Не закопувајте ги своите таленти како злите слуги во параболата. Имајте на ум: дека „верата без дела е мртва!“ Вклучете се. Нахранете се со вистината, и дозволете Исус да ве ангажира да ја спроведувате неговата волја. Бидете готови да служите. Знајте дека евангелието е важно и вредно во секое време. Без разлика како напредуваме во технолошките термини, сè уште ни е потребен Спасител.

**Бидете подготвени**

Вашите духовни „торби“ нека бидат постојано спакувани. Исус им ја раскажал на своите ученици приказната за десетте девојки, за да знаат како да го чекаат неговото враќање. Пет од девојките земале резервно масло за своите светилки; другите пет не. Бидејќи младоженецот се задржал, девојките заспале. На полноќ, кога младоженецот се приближил, девојките ги подготвиле своите светилки, кои слабо светеле и наскоро се изгаснале. Петте девојки, што понеле масло, ги наполниле своите светилки и се придружиле на свадбената свеченост. Другите пет, кои не понеле масло, останале надвор, неподготвени и непрепознаени. „Затоа стражарете“, рекол Исус зборувајќи за своето доаѓање, „зашто не го знаете ни денот ни часот во кој Синот човечки ќе дојде“. Маслото во параболата го претставува Светиот Дух, кој единствен може вистината на Речта да ја спроведе до нашите срца. Ние се снабдуваме со „масло“ секој ден кога живееме со Христа, се дужиме за неговата Реч, подзапираме и истражуваме подлабоко, правиме праведни дела, и му дозволуваме на Светиот Дух да нè промени и однатре и однадвор.

Исус можеби ќе дојде оваа година, или можеби неколку години подоцна. Кога и да дојде, нека нè препознае како негови верни чеда, како оние кои вредно работат, водејќи ги другите кон светлината.

*Сабота, 15 јули 2023*

## КАКО ДА БИДЕТЕ СЛОБОДНИ ВО ИСУСА

Дали се сеќавате на киднапирањето на авионот TWA, кое се случи во 1980 година? Јас се сеќавам по чудната конференција за печат што терористите ја организираа за заложниците. Заложниците, вклучувајќи ги тука и пилотите на авионот, ги видоа милиони луѓе на телевизија. Сите сакаа да знаат до каде патуваат, како киднаперите се однесуваат кон нив... Се сеќавам на изразот на лицата на заложниците во текот на емисијата; лицата го зборуваа спротивното од она што го зборуваа нивните усни. Нивните усни

зборуваа нешто како: „Ние сме добро. Тие кон нас се однесуваат добро.“ Но тие не изгледаа „добро“. На нивните лица беа втиснати длабоки траги на нервоза, стрес и траума. Без оглед на она што тие го зборуваа, дека се добро третирани, тие сè уште беа заложници, сè уште беа заробеници со вепрени пиштоли во нив. Сè уште не беа слободни.

Заедно со мене замислете едно поинакво сценарио. Што би заклучиле гледачите доколку телевизиските камери би биле вклучени во нашите цркви? Што би виделе на своите ТВ екрани ако конференцијата за печат се пренесува од нашите проповедалници и ако нè запрашаат: Вие сте христијан? Кажете ни како се чувствувате? Дали некој води сметка за вас? Каква порака би сакале да му упатите на своето семејство, на своите пријатели и на луѓето во светот?

Сигурен сум дека гледачите би слушнале многу прекрасни сведоштва. Но, се прашувам дали би дошле до истиот заклучок како и повеќето од нас, додека ги гледавме заложниците - без оглед колку утешни и возвишени зборови би можеле да излезат од нашите усти, нашите лица би откриле дека не е сè така добро. Дека сè уште сме врзани, сè уште сме во ропство, сè уште сме заложници, сè уште не сме слободни, и покрај тоа што тврдиме дека сме слободни во Исуса и дека сме најсреќните луѓе на светот.

Изразот „невесел христијан“ може да се најде и меѓу нас. Сепак, постојат и цели цркви кои се лишени од радоста, како што гробот е лишен од живот. Зошто е тоа така?

Еднаш примив едно вакво писмо:

„Имам 46 години, и ми се чини како што стареам, сè повеќе сум збунет и разочаран. Никогаш не ме учеле како правилно да верувам во Бога, да го славам Бога на кој било начин, вид или облик. Се сложувам со она што го велите вие, но во мене е вкоренето мислењето дека какво било славење, освен тивко кажаното 'амин', не е прифатливо. Мојата религија е заснована на доктрина, а не на славење, не на учествување! По мое мислење, ние ја пропуштивме приликата. Ние повеќе водиме сметка за предметите и нештата (како и за тоа кој е во право), отколку за она што го прави Исус за

нас во нашиот секојдневен живот... Толку сум разочаран што ми доаѓа да врескам.“

Ако го имате истото чувство на ропство како авторот на ова писмо, разгледајте ги предлозите за тоа како да бидете слободни во Исуса, во неколку од следните саботи.

*Сабота, 22 јули 2023*

## ОХРАБРЕТЕ СЕ ВО ГОСПОДА

Во 1. Самоилова 30. глава се повторува извештајот за Давид во Сиклаг. Амаликците ја искористиле предноста на Давидовото отсуство и го ограбиле градот додека бил незаштитен. Ги киднапирале неговите жени, и жените и децата на неговите војници и до темел ги запалиле нивните куќи. Стихот 4. известува: „Тогаш Давид и луѓето, кои беа со него, го кренаа гласот и плачеа додека не им ја снема силата за плачење.“ По излеаните солзи, ситуацијата за Давида уште повеќе се влошила – неговиот народ се разлутил и му се заканиле со каменување.

Каков бил Давидовиот одговор на црнотијата и очајот кои се надвиле над него? „Но, Давид се охрабри во Господа, својот Бог.“

Во тој час на крајна неволја, Давид, наместо да му дозволи на својот ум да се занимава со таквите околности кои му нанесувале болка и го исполнувале со страв и немир, сериозно побарал од Бога да му помогне. „Но, Давид се охрабри во Господа, својот Бог“. Се сетил на неговиот минат бурен живот. Кога Господ го оставил? Бог секогаш бил со него и никогаш не го оставил. Бил охрабрен кога се сетил на безбројните примери на Божјата наклоност.

Зборот „охрабри“ во 6. стих значи зајакна, закрепи или фати. Ако навистина сакате да се ослободите од стравот, од депресија или да ги ублажите непријатните влијанија на околностите, фатете се за Господа, вашиот Бог. Не дозволувајте околностите да управуваат со вас, туку вие управувајте со околностите. Зајакнете го својот ум против непријателските стрели кои ве вознемируваат и, како

и Давид, освежете ја својата душа така што ќе се присетите на доказите што ги имате за Божјата наклоност кон вас запишани во Библијата. Охрабрете се во Господа!

*Сабота, 29 јули 2023*

## ПОВТОРНО СВЕДОЧЕТЕ

„Моите усни ќе воскликнуваат пеејќи Ти, и мојата душа, што ја избави. И мојот јазик секогаш ќе ја слави Твојата правда, зашто се засрамени и понижени оние, што сакаат несреќа за мене" (Псалм 71,24). Се сеќавате ли на сведочењето? Се натажувам кога ќе се сетам дека за мнозина од нас проповедањето за верата стана магливо сеќавање. Ништо не ја ослободува толку душата како што ја ослободува споделувањето на нашата слобода во Христа со некој друг. Што сторил Бог за тебе? Преку електронската пошта, преку обичната пошта, преку телефон и слично, отворајте ја својата уста и сведочете за Божјото „праведно дело" во вашиот живот. На овој свет нема ништо што може толку да ве воздигне духовно и да ве исполни со радост, како тоа кога ќе видите дека една душа доаѓа кај Христа затоа што вие сте ѝ сведочеле.

**Поседувајте го својот имот**

Ако не знаете кои сте вие во Христа и какво право ви дава неговата крв, прочитајте ја првата глава од Послание до Ефесјаните. Во списокот на вашиот „имот" вклучен е „секој духовен благослов на небото преку Христа," потоа „избор", „да бидеме свети и праведни, да примиме „посинување", „откуп преку неговата крв", „проштавање на гревововите", сознание за „тајната на неговата волја", „наследници" во Христа, и дека сме„запечатени со Светиот Дух на ветувањето, кој е залог за нашето наследство, за откупување на оние кои станаа Божја сопственост – за величање на неговата слава."

Дали ја забележавте последната фраза? Божја сопственост! Вие му припаѓате Нему и го имате секое право да се радувате, да уживате во слободата што ја донесува Исус. Не дозволувајте им на приликите, на ѓаволот, дури ни на здружените „светци“, да ја украдат вашата радост и да ве присилат да јадете духовно сирење и ѓеврек, кога сте поканети на свеченоста на трпезата на Спасителот. Вие не сте заложник. Ја имате својата слобода. Бидете слободни во Исуса. И ако „ко Синот ве ослободи, навистина сте слободни.“

*Сабота, 5 август 2023*

## НАДЕВАЈ СЕ НА БОГА, А НЕ ВО ОНА ШТО НАШАТА ВЕРА МОЖЕ ДА ГО СТОРИ

Друг збор за верата е надеж. Кога верата е вистинска, таа се надева во Бога во сите околности - дури и тогаш кога на нашите молитви не било одговорено на начин на кој ние сме сметале дека треба да биде. Добро обратете внимание на примерите запишани во Посланието до Евреите во 11. глава. Се разбира, вие си имаме свој Јосиф и Мојсеј и Гедеон - кои со својата вера го „победиле царството ... им ги затвориле устите на лавовите, ја угасиле огнената сила, побегнале од острицата на мачот“. Но покрај споменатите, раме до раме доаѓаат и други херои кои „доживеале подигрување и удари“, „беа каменувани“, на „искушенија подложувани“, „кои скитаа по пустините, и по горите, и по пештерите, и по земните јами“.

Во Посланието до Евреите се вели: „И сите тие, иако се посведочени преку верата, не го примија ветувањето.“ Зошто некои од Божјите пријатели го „примиле ветувањето“ а некои не? Дали тоа било поради недостаток на нивната вера? Апсолтно не! Библијата вели дека сите тие „го добиле сведоштвото со вера“. Верата не нешто што вие ќе го притегнете и ќе проработи. И тешките времиња и неодговарањето на молитвата не треба да се сматаат за показатели на недостаток од вера. Верата, опишана во 11 глава во

Посланието до Евреите, е полна со примери на надевање во оној - кој е Бог. Тоа значи да се оствари тесна заедница, близок меѓусебен однос со Бога кој ве учи да му верувате во сите околности - дури и тогаш кога не се одвива сѐ онака како што сте планирале. Имајте доверба во Бога. Оставете му на Бога да го оствари она што треба да го оствари во вашиот живот.

*Сабота, 12 август 2023*

## МОЛЕТЕ СЕ ПОСТОЈАНО

Исус на своите ученици им ја раскажал параболата за вдовицата која постојано го молела судијата за да добие правда. Извесно време, судијата одбивал да одговори на нејзината молба, но жената не сакала да замине. Со постојан притисок, таа го омекнала судијата. Судијата рекол: „Ако не се плашам од Бога и не се срамам од луѓето, ќе ја одбранам оваа вдовица, за да не ми додева“. Тогаш „Чујте што зборува неправедниов судија. Па како Бог да не ги одбрани своите одбрани кои го молат ден и ноќ?

Откако го нагласил ова, го поставил следното прашање: „Кога ќе дојде човечкиот син, ќе најде ли вера на земјата?“ Контекстот на оваа парабола покажува дека Исус прашал, дали кога ќе се врати, ќе ги најде оние кои веруваат како се се молат постојано.

Верата подеднакво се држи за Бога и не дозволува заминување. Усвојте го Акронимот МСДННСС: Молете се додека нешто не се случи! Ѓаволот се обидува да ги спречи благословите за кои ние се молиме. Некогаш, нашите молитви ја имаат вистинската цел, но времето е погрешно. А некој друг пат, Господ ја испробува нашата желба и решителност. Суштината е во тоа дека ние треба да се „молиме постојано.“ Тоа е верата што сака да ја најде Исус кога повторно ќе дојде.

*Сабота, 19 август 2023*

## ПОСЛУШАЈ /ДЕЈСТВУВАЈ/ НАСПРОТИ СОМНЕВАЊАТА

Друга дефиниција на верата е слушање и покрај вашите сомневања. Дури и ако вашите колена се тресат и забите ви тропкаат, тоа што го правите е секогаш поважно од она што го чувствувате. Повторно погледнете ја 11. глава на Посланието до Евреите. „Со вера поминаа преку Црвеното Море како по суво". Дали мислите дека тие штотуку ослободени робови со доверба оделе помеѓу водените ѕидови? Јас мислам дека тие множеби и трчале за да го спасат својот живот, преплашени дека морето може да надојде над нив, и со страв дека може да ги фати војската на фараонот. Но, преплашени или не, тие поминале! Ја послушале заповедта што Бог му ја дал на Мојсеја. Тие дејствувале, и тоа дејство на послушност е познато како „вера" во 11. глава од Посланието до Евреите.

Дали некогаш сте се плашеле да го следите она што сте го сметале за Божја волја? Ако не чувствувате дека имате доволно доверба, молете се како што се молел таткото чиј син бил опседнат од зол дух: „Верувам! Помогни му, Господе, на моето неверие."

**Верувајте дека ќе примите**

Во Евангелието според Марко 11,24 е запишано Исусовото присуство: „Сѐ што ќе побарате во молитва, верувајте дека го примивте, и ќе ви биде."

Како вие го правите тоа? Му благодариме на Бога што одговара пред ние нешто да примиме. Пред да се обидете да добиете некоја главна премија од можеби автомат на коцкање, пред да посакате да добиете автомобил од 700 000 денари, имајте на ум дека нашите молитви треба да бидат постојано сообразени со неговата волја. Зар денешниот свет не трча само по забавни материјални нешта? А каков бил Исусовиот? Целиот Исусов живот бил едноставен, понизен и посветен на службата за Бога? Апостолот Јаков објаснува: „Барате, но не добивате, зашто барате погрешно, за да го трошите во вашите страсни желби." Очигледно е дека е можно да се молиме за погрешни нешта, нешта што се надвор од Божјата волја.

Но, Библијата е полна со повици нашите молитви да бидат во согласност со Божјата волја. Тука се вклучени простувањето, прифаќањето, вечниот живот, помирувањето, новото раѓање, мирот со Бога и дарот на Светиот Дух. „Не е потребно да бараме каков било надворешен доказ за благослов. Дарот се наоѓа во ветувањето, и ние можеме да се занимаваме со нашата работа сигурни дека Бог може да го исполни она што го ветил и дека дарот, што веќе го имаме, ќе стане стварност кога ќе ни биде најпотребен.“

**„Оптоварете го Господа“**

Не, не се обидувам да бидам остроумен и паметен. Јас верувам дека кога Господ ни вели „чекај“, Тој има на ум повеќе отколку нашето седење во некој ќош со Библијата, кршејќи ги прстите. Верувам дека Бог сака да го оптовариме – и целата тежина на нашиот товар – колкава и да е, потполно да ја префрлиме на него и така да се снабдиме со нова енергија за да продолжиме понатаму. Зар токму тоа не го мислел и апостол Петар кога рекол: „И секоја своја грижа фрлете ја на него, зашто Тој се грижи за вас.“

Ако ние навистина се ослободиме од товарот кога нашите неволји ќе му ги предадеме на Бога, Тој ќе ја обнови нашата сила, и ние, за возврат, ќе научиме повеќе да му веруваме. Тоа е крајниот резултат на верата.

*Сабота, 26 август 2023*

## КАКО ДА СЕ ПОСТАПИ СО ВИНАТА

Не знам зашто излажав. Немаше причина за тоа. И по една година сè уште ме печеше совеста поради тоа. Ја чуствувам вината како јаже околу вратот.

Сè почна на летниот камп. Имав 12 години и токму бев на крајот на седмицата која ја поминав надвор од дома, во планината Сен Бернардино. Тоа беше прекрасна седмица, исполнета со сите радости што ги носи летното кампување: излети, возење со чамец,

јавање, дружење покрај логорскиот оган, забави во моминските кабини (само слушав за тоа, не учествував), правење модели на автомобили и т.н. Во автобусот кога се враќавме дома, забележав дека ми недостасува еден долар од парите што родителите ми ги дадоа за трошење. Знаев дека ќе ме прашаат дали сум ги потрошил сите, така што насекаде го барав доларот. Но никаде не можев да го најдам.

Бев сигурен дека за време на големата средба со моите другари, мојата мајка ќе ме праша дали ги потрошив сите пари што ми ги дадоа. Ме фати паника. Не сакав да признаам дека ги изгубив. Стравот од казнување го помрачи моето расудување, и пред да бидам свесен што правам, го слушнав зборот ДА, како излегува од мојата уста.

Ја излажав мојата мајка! Колку и да не беше убаво да се изгубат пари, јас штотуку го зголемив криминалното дејство лажејќи за тоа. Во моето семејство, лагата беше краен криминал. Можеше некако да се помине со другите грешки, но со лагата никогаш!

Деновите се претвораа во седмици, седмиците во месеци, а вината стануваше сѐ потешка и потешка. Иако моите родители беа несвесни за мојата измама и покрај тоа што изгледаше дека животот тече нормално, мојот таен грев ја крадеше мојата радост, ги трошеше моите мисли и подигаше една невидлива пречка во нашите односи.

**Вина.** Како ние излегуваме на крај со неа? Сите ја чувствуваме, и некои од нас никогаш не се ослободуваат од неа. Таа може да биде мала као што е лагата за изгубениот долар, или голема како што е прељубата. Луѓето кои ги мачи вината не можат да функционираат нормално. Тие можат да се повлечат во самозагадување, чувствувајќи дека го заслужуваат само најлошо во животот. Можат да станат зависници од дрога, блуд или коцкање, маскирајќи ја болката од својата грижа на совеста.

За христијаните вината често претставува една голема загатка. Чувството на вина често пати ни оневозможува да го сфатиме концептот на простување и Божјата безусловна љубов. Вината ни зборува дека сме безнадежни, изгубени и дека Бог никогаш не би

можел да сака некого толку гнасен како што сме ние. Христијаните во таква состојба можат редовно да доаѓаат во црква, да пеат во хор, и да прават повеќе од другите во црквата. Но, тие внатре во себе не чуствуваат радост, ниту пак сигурност во спасението - само расте стравот дека, кога ќе застанат пред Христовата судска столица, ќе ги слушнат зборовите: „Одете си од мене, никогаш не сум ве познавал."

Дозволете ми да ви предложам пет начини за нерешената вина:

1. Направете разлика помеѓу вистинската и лажната вина
2. Средете го тоа со Бога
3. Средете го тоа со оштетената страна
4. Ако е можно надоместете ја грешката

*Сабота, 2 септември 2023*

## ЉУБОВТА ТРЕБА ДА СЕ ИСПОЛНИ ВО НАШИОТ ЖИВОТ

**„Љубовта не му прави зло на ближниот. И така: љубовта е исполнување на Законот" (Римјаните 13,10).**

На колку луѓе им недостига љубовта! О кога љубовта би ги избришала во срцата омразата, натпреварувањето и судирите, како и коренот на горчина со кои се отруени многу луѓе! Исусовата љубов, што ја примаме во нашето срце, никогаш не ќе можеме да ја шириме ако најпрвин не се ослободиме од чувството на осудување, омраза, завист, љубомора и сомничавост.

Многумина се залажуваат самите себеси бидејќи начелото на љубов не живее во нивното срце. Тие можат да ги затворат своите очи за заблудите и недостатоците, но не можат да го измамат Бога. Мора да дојде до реформа!

Плугот на вистината мора длабоко да ги изора браздите во нашето арогантно срце, мора да се раскопа почвата на нашата непосветена природа, со цел Христовиот Дух и Неговата љубов да се всадат во нашето срце. Времето брзо минува и секое дело наскоро

ќе биде изнесено на суд, така што, од книгата на животот ќе бидат избришани или нашите гревови или нашите имиња.

Чистата љубов е многу едноставна во своето дејствување и поразлична од другите начела во постапувањето. Кога ќе се измеша со земните побуди и себични интереси, таа престанува да биде чиста. На Бога му е поважно со колкава љубов работиме, отколку обемот на работата што ја завршуваме. Љубовта е небесна особина. Таа не може да се роди во непрепороденото срце. Таа е небесна билка која напредува единствено во срцето во кое Христос е врховен господар. Таму каде што има љубов, постои сила и вистинољубивост. Љубовта прави добрини. Оние што ја поседуваат, донесуваат плодови на светлина и вечен живот.

Истиот Исус, кој заповедал љубовта да биде темелно начело во Стариот завет, заповедал истата љубов да биде принцип кој ќе владее со следбениците во Новиот завет. Применувањето на начелата на љубовта претставува вистинско посветување.

*Сабота, 9 септември 2023*

## КОГА СÈ Е НОВО

Нашата Библија е полна со истории на луѓе коишто на дело ги покажале фактите дека по новородувањето сè уште постојат трки и битки во кои треба да се бориме. Добрите луѓе не го поминуваат патот од грешници до светци преку ноќ. Некои стануваат нервозни и велат дека, ако зборуваме на овој начин, ќе ги отвориме вратите на гревот. Меѓутоа, се соочуваме со реалноста. Токму затоа што не ја согледуваме во вистинска светлина, постојат многу разочарани луѓе.  Учениците три години се расправале и разговарале за тоа кој од нив е најголем. Знаеле дека не е добро тоа што го прават. На своето последно патување во Ерусалим, кога Самарјаните им го ускратиле гостопримството, тие посакале да падне оган од небото врз нив. Сепак, Исус не сакал да започне работа со нови дванаесет ученици. Оставил место за христијани кои растат и напредуваат.

Ќе им оставиме место за растење, но не треба предвреме да ги напуштаме победите кои Христос ги предвидел за нас. Да не ги одложуваме за некое идно време кога ќе бидеме стари или преобразени. Втора Коринќаните 5,17 („И така, ако е некој во Христа, тој е ново создание; старото помина, ете: сѐ стана ново“.), не се однесува за крајот на патот, некаде во иднината! Целата вистина е таа дека во кој било момент можеме да се потпреме на Божјата сила, наместо на сопствената, така што можеме да доживееме целосна победа. Токму сега можат да се обноват работите. Секогаш кога ќе се потпреме на својата сила, ќе паднеме. Како христијани кои растеме, често пати се колебаме меѓу зависноста од Божјата и зависноста од сопствената сила. Тоа е болно искуство кое ни е добро познато во нашиот живот. Дури и новородениот христијанин, којшто расте може да искуси дека секогаш кога ќе се потпира на сопствената сила ќе биде поразен, но истот така може да искуси целосни победи кога во целост се потпира на Божјата сила.

*Сабота, 16 септември 2023*

## ОБЕЛЕЖЈА НА БОЖЈАТА ЦРКВА

**„А Божјите луѓе се повикани на трпеливост, на послушност спрема Божјите заповеди и на вера во Исус“ (Откровение 14,12).**

Која црква ги има двата знака на распознавање за кои зборува нашиот текст? Тоа не е црква која само зборува за Божјите заповеди туку онаа која цврсто верува во нив и ги исполнува. Тоа е црква која ги почитува и ги практикува. Таа не смета дека единствено верата во Христа е вредна, туку напротив, треба да се има Исусовата вера. Не се потпира на фактот дека основачите и пионерите на црквата ги држеле сите заповеди и ја почитувале Исусовата вера. Кога го набљудувате откупувањето, преку кое може да очекувате величествено дејствување на Божјата сила, ги забележувате двете карактеристики. Не може да очекувате моќно излевање на Божјиот Дух и будење на едноставна побожност меѓу луѓето кои ставаат нагласок

на заповедите, без да го познаваат Исуса Христа. Тоа е исто како луѓето кои го пренагласуваат познавањето на Исуса а не обрнуваат внимание на Неговите заповеди. Двете работи се подеднакво важни.

Пред извесно време Бог ѝ упатил непосредна вест на својата црква, опишувајќи зошто некои луѓе ќе бараат особени искуства на состаноците на посветување. Во книгата Евангелизам на стр. 451 и 452 таа запишала: „Ние, како народ, сме паднале во спротивна заблуда. Ги признаваме барањата на Божјиот закон и им зборуваме на луѓето дека се должни да му се покоруваат (забележете го зборот должни), меѓутоа, ја немаме потребната доверба која прави душата да престојува во Христа... Во недостаток на вера, многумина кои сакаат да ги почитуваат Божјите заповеди немаат мир и радост... Тие не се закотвени во Христа. Многумина чуствуваат празнина во своето животно искуство и копнеат за нешто што го немаат. На тој начин некои се поведени да присуствуваат на состаноци за посветување на кои се допрени преку чувствата и зборовите на оние кои го кршат Божјиот закон“.

Додека Бог ги води поединците до моментот кога ќе ги држат Неговите заповеди и ќе ја поседуваат верата во Исуса, Негова намера е црквата да ги прифати двете. Ако ги пропуштат овие две потреби, на крајот секако ќе изгубат. Меѓутоа, за оние кои секојдневно го негуваат пријателствоти со Исуса и кои постојано ја набљудуваат Неговата прекрасна личност, променети според послушноста во Неговиот лик, за нив постои сигурност во невремето што наскоро ќе се надвие над нас.

*Сабота, 23 септември 2023*

## ЕДИНСТВО ВО ЉУБОВТА

Христовите ученици пред денот Педесетница негувале себични и честољубиви желби. Поттикната од себичните желби на своите синови, со цел да стекнат предност над останатите ученици, мајката на Јован и Јаков побарала од Учителот секој од нив да добие истакнато место во Неговото скорешно земно царство.

„’Што сакаш?’ - ја прашал Исус. ’Дај им на моиве два сина почесни места од Твојата десна и лева страна во Твоето царство’ – му рече таа“ (Матеј 20,21). Се разбира, ова барање предизвикало разединетост и завист меѓу останатите ученици. Тие не биле подготвени за излевање на Светиот Дух во силата на Педесетница. Тоа е една од најважните причини што Исус им наредил да поминат во молитва десет дена во Горната соба. Имено, единството мора да му претходи на излевањето на Светиот Дух.

Додека во молитва го барале Бога, Светиот Дух ги поврзал нивните срца со христијанска љубов. Апостол Лука забележува во Дела 1,14: „Сите овие еднодушно и постојано беа во молитва, заедно со некои жени и со Марија, Исусовата мајка, и со Неговите браќа“. Извештајот продолжува во Дела 2,1: „А кога дојде денот Педесетница, сите беа заедно на исто место“.

Зборувајќи за искуството на учениците во Горната соба, Духот на пророштвото забележува: „Забележете дека тоа се случило кога учениците оствариле совршено единство, кога повеќе не копнееле за највисоки места. Тогаш Светиот Дух се излеал врз нив. Биле еднодушни. Сите разлики биле отстранети. Сведоштвото за нив по излевањето на Духот било наполно исто. Забележете ги зборовите: „А множеството на оние, кои поверуваа, имаше едно срце и една душа, и никој не велеше дека нешто од неговиот имот е негово, туку сè им беше општо“ (Дела 4,32). Духот на Оној кој умрел за да им овозможи на грешниците да живеат, ја оживеал целокупната заедница на верници.

„Учениците не барале благослов за себе. Биле свесни за својата одговорност кон душите. Евангелието морало да стигне до крајот на светот, и затоа тие го барале излевањето кое Христос им го ветил. Токму сега се излеала силата на Светиот Дух и илјадници се обратиле во еден ден“ (8Т 20,21).

Во периодот од Десет дена во горната соба, учениците ги признавале своите и најмали меѓусебни несогласувања. Се покајале поради тоа што негувале љубомора и арогантност. Нивните срца биле исполнети со љубов кон Христа кој го дал својот живот за нив а сега се наоѓал од Татковата десна страна извршувајќи служба на поми-

рување за нив. Нивните честољубиви и себични желби се изгубиле и наместо тоа биле исполнети со љубов кон Христа. Учениците откриле дека единството со Христа ги зацврснува во меѓусебното единство. Тоа за светот бил најубедливиот доказ за Христовото величество и совршенството на неговата сила во отстранувањето на гревовите.

*Сабота, 30 септември 2023*

**ГОЛЕМА ЗАДАЧА И ГОЛЕМО ВЕТУВАЊЕ**

Големата задача што им била дадена на апостолите, била проследена со големо ветување. Исус рекол: „Така одејќи, направете ги сите народи Мои ученици, крштавајќи ги во името на Таткото и Синот и Светиот Дух! Учејќи ги да пазат сè што Сум ви заповедал! И еве, Јас Сум со вас во сите дни до свршетокот на светот. Амин!“ (Матеј 28,19.20) Тогаш Исус дополнил: „Туку ќе примите сила кога Светиот Дух ќе слезе на вас и ќе Ми бидете сведоци како во Ерусалим, така и во цела Јудеја, и во Самарија, и сè до крајот на земјата“ (Дела 1,8). Големиот налог можел да се исполни само со Негова сила. Учениците треба да сведочат со Негова, а не со своја сила. Требало да тргнат исполнети со Неговиот Дух, да бидат зајакнати и водени од таа сила. Единствено присутноста на Светиот Дух и Неговата сила ќе им го осигураат нивниот успех.

Каков бил резултатот од излевањето на Духот на денот Педесетница? Радосната вест за воскреснатиот Спасител е разнесена до најодалечените краишта на тогашниот настанет свет. Кога учениците ја објавувале пораката на спасението, срцата се покорувале на силата на пораката. Заедницата (црквата) ги примала обратените души што ѝ пристапувале од сите страни. Отпадниците се обраќале, а грешниците се соединувале со верниците за да го бараат драгоцениот бисер на вистината. Некои, кои биле најогорчени противници на евангелието, станале негови поборници. Се исполнило пророштвото: „Во оној ден најслабиот меѓу нив ќе биде како Давид, а домот

на Давида ќе биде како божество“ (Захарија 12,8). Секој христијанин во својот брат гледал откровение на божествената љубов и милосрдие. Сите покажувале интерес само за еден предмет, и тоа потиснало сè друго на страна. Верниците настојувале да покажат сличност со Христовиот карактер, да придонесат за ширењето на неговото царство.

Силата на Светиот Дух била излеана на денот Педесетница за да ги оспособи учениците да му го однесат евангелието на грешниот свет. Светиот Дух дал сила на сведочењето на учениците, така што резултатите биле исклучителни: срцата биле допрени а животите променети. Три илјади обратеници биле крстени во само еден ден. Овој евангелски потфат не престанувал, така што илјадници други се придружиле на црквата во период од само неколку години.

Текстот Дела 4,4 вели: „А мнозина од оние, кои го чуја словото, поверуваа, така што бројот на мажите се зголеми до пет илјади.“ Нешто подоцна Дела 6,7 пишува: „А Божјото слово растеше и бројот на учениците во Ерусалим се зголемуваше многу. И големо множество свештеници и се потчинија на верата“. Според текстот во Дела 9, 31 нови цркви биле основани во Јудеја, Галилеја и Самарија, така што нивниот број постојано се умножувал. Евангелието допрело преку културните, националните и јазичките бариери. Петар на чудесен начин бил насочен да му сведочи на Корнелиј, кој бил Италијански центурион во потрага по вистината, додека Филип му ги објаснувал тајните на крстот на влијателниот Етиопјанец.

Библиската книга што ја нарекуваме *Дела на апостолите*, може попрецизно да се нарече книга на Делата на Светиот Дух. Како што знаеме, таа не е завршена. Ние денес треба да ги испишеме нејзините последни глави. И во денешно време Светиот Дух е истиот, така што Неговата сила ни стои на располагање. Со неговото дејствување во нашите срца треба да се случи најважната промена. Треба да станеме луѓе достојни на името што го носиме, а потоа и со својот живот да сведочиме за благодатта којашто на сите нас милостиво ни се нуди.

**ГРАДИВО ЗА САБОТНА ШКОЛА**

**ЗА ПОДОБРА САБОТНА ШКОЛА**

**Трето тримесечје**
**3/2023**

**Издава:**
*Одделение за саботна школа при*
*Христијанската адвентистичка*
*црква во Република Македонија*

**Подготовка и графичко уредување:**
*Мелита Томовска*

**Коригирал и одговара:**
*Томе Траков*

**Адреса на редакцијата:**
*Ул. Влае 42, 1000 Скопје*

**Тел/факс: +389 2 20 48 038**
**E-mail: tometrajkov@gmail.com**
**www. adventisti.org.mk**

**За интерна употреба**